ОПШТИНА РОСОМАН
Ул.Пролетерска 1а ; 1422 Росоман ; Република Северна Македонија
Тел: +389 43 441 443 Факс: +389 43 441 331
www.opstinarosoman.gov.mk e-mail: opstrosoman@yahoo.com

Врз основа на член 50 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06) и член 2 од Одлуката за преземање на мерки за проценка и утврдување на настанати штети на земјоделските насади како последица од природна непогода – мраз со арх.бр.08-444/1.1 од 07.05.2026 година, донесена од страна на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.07/26), Градоначалникот на Општина Росоман објавува

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РОСОМАН
Бр. 02-455/1
11.05 2026 год.
РОСОМАН

# ЈАВЕН ПОВИК

## за пријавување на штети на земјоделските насади настанати како последица од природна непогода - мраз

Општина Росоман ги повикува сите граѓани кои имаат материјални штети на земјоделските насади, настанати како последица од природната непогода – мраз, која ја зафати територијата на Општина Росоман во периодот од 02ри до 4ти мај 2026 година, да ја пријават штетата на своите насади во просториите на Општина Росоман со поднесување на Барање за штети од природна непогода – мраз.

Барањето за штети од природна непогода – мраз, може да се подигне во архивата на Општина Росоман или да се преземе од веб - страницата на Општина Росоман.

Кон барањето, барателот задолжително доставува:

1. Копија од лична карта;
2. Изјава за веродостојност на податоци;
3. Изјава за согласност за користење на личните податоци;
4. Трансакциска сметка;
5. Доказ за основ на користење на земјиштето за насадите (Решение за запишување на земјоделско стопанство во Единствениот регистар на земјоделски стопанства издадено од МЗШВ, Имотен лист, Договор за закуп - заверен на нотар, Елаборат со Изјава за користење на земјиштето или друг доказ за сопственост или користење на земјиштето).

Пријавувањето на штетите може да се изврши во периодот од 12.05.2026 година до 20.05.2026 година, секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот.

За сите дополнителни информации може да се обратите на: тел.бр. 071/414-705 – Митко Пешов, претседател на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната како последица од природна непогода – мраз.

ОПШТИНА РОСОМАН
Ул.Пролетерска 1а ; 1422 Росоман ; Република Северна Македонија
Тел: +389 43 441 443 Факс: +389 43 441 331
www.opstinarosoman.gov.mk e-mail: opstrosoman@yahoo.com

**Напомена:** Во процената нема да се земат во предвид насади кои се помлади од 3 години како и насади кои не се обработуваат. Исто така нема да се врши проценка на насади кои се веќе осигурани за 2026 во осигурителни компании.

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**